# Античка Македонија во историско-географската студија на Страбон [1]

Наталија Поповска
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Институт за национална историја, Скопје
orlandomk@yahoo.com

*Клучни зборови: Страбон, историја, географија, Античка Македонија, извори*

Во нашиот магистерски труд под наслов „Античка Македонија во историско-географската студија на Страбон", непосреден предмет на интересирање беа историските и географските податоци за Античка Македонија во седмата книга од капиталното дело „Географија" на авторот Страбон. Особен поттик за истражување токму на овој извор беше тоа што нуди вонредно значајни историски податоци за периодот од IV в.ст.е. до I в.н.е. и валидни географски репери за нив. Целта на нашата работа беше да го прикажеме изворот како јасен, читлив и убедлив по прашање на историско-географските аспекти за Античка Македонија преку разрабока на Страбоновиот специфичен метод и филолошка и историска анлиза на оргиналниот текст. За таа цел направивме пресек на историските извори за периодот кој е опфатен во студијата, истакнувајќи ја нивната лимитираност, фрагментарност и дисконтинуитет на информациите што ги нудат. Потоа направивме детален приказ на авторот, неговото дело и неговиот однос кон општеството во кое живеел и создавал. Со преведувањето на седмата книга од „Географија" добивме целосна слика за недостатоците и предностите на ова дело. Во текот на нашето истражување се задржавме на податоците за границите на Античка Македонија, на различните аспекти околу поимот Ематија, на податоците за Горна Македонија, кратките историски екскурси за најфасцинантните ликови во антиката Александар III и Филип II. Се осврнавме на племенските организации од среднобалканскиот простор кои дошле во допир со Античките Македонци. Вредно е да се одбележи дека Страбон е особено важен извор за оние градови кои егзистирале за време на Августовиот принципат, но и за градовите кои не постоеле во негово време или го загубиле своето значење, а за нив разбрал од постарите географи (на пр. Дамастион). Им посветивме внимание и на податоците кои ги има единствено кај Страбон, а за кои немаме потврда во другите извори. Таков пример е областа Парорбелија и градовите Калиполис, Ортополис и Филипополис. Преку истакнувањето на најважните информации од седмата книга на Страбоновата „Географија", колку што е возможно, направивме поврзан приказ на настаните. Сметаме дека со овој труд сме поблиску до оформувањето на сликата за Античка Македонија, за која интересот на научната јавност не стивнува, не само во тесните рамки на владеењето на династијата на Аргеадите и Антигонидите, туку и за Античка Македонија од делата на постарите автори сè до римско време.

Белешка:

[1] Магистерска теза одбранета во Скопје, 2004 година.